| | |
|---|---|
| **НЕДЕЛНА ТЕМА:** | Професи и занаети |
| **СОДРЖИНА НА ДЕНОТ:** | Вежбаме - играме” (1), “Играме - учиме” (2) |
| **ВОЗРАСТ:** | 4-6 години |
| **ВОСПИТУВАЧ:** | Лилјана Црвенкоска |
| **ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| **ЗДРАВИ И БЕЗБЕДНИ НАВИКИ:** | Стекнување навики за миење на забите наутро и навечер за да бидат здрави. |
| **АКТИВНОСТ:** | 1. Активноста започнува со лесни гимнастични вежби за раздвижување на целата мускулатура на телото. Потоа на детето му се објаснува активноста, која содржи вежби за змијулесто одење и трчање помеѓу предмети, како и начинот на изведување на вежбите. На поставен полигон од предмети (пр. јажиња, пластични коцки, обрачи, картонски кутии, самолепливи траки во боја, самолеплива хартија во боја и сл.), детето самостојно ги изведува вежбите во змијулесто (S) одење и вежбите за змијулесто трчање помеѓу предметите кои се поставени на полигонот. Детето ќе ги вежба вежбите се додека постои интерес кај него за вежбање.<br>На крајот од активноста следуваат вежби за смирување на целокупната мускулатура на телото (вежби со седење на под со вкрстени нозе, вежби за правилно дишење, вдишување со нос, издишување со уста и сл.).<br>2. Активноста започнува со кратки вежби за раздвижување на детската моторика, при што возрасниот го насочува детето да препознаат какви форми може да направи со своето тело.<br>Потоа детето се насочува да од логички плочки (ако ги немата може да се исечат форми од хартија), а детето ги повторува сите формите. Откако ќе ги повтори формите (круг, триаголник, квадрат...), на детето му се дава инструкција да се групираат плочките по даден признак кој се наоѓа до празното множество. Додека детето ги следи упатствата, возрасниот му дава индивидуална поддршка со која го поттикнува да ги |

| | |
|---|---|
| | групира правилно логичките плочки (предмети) по даден признак (круг, триаголник, квадрат...). Кога ќе заврши со групирањето на предметите, возрасниот објаснува и му појаснува на детето да го употребува поимот – групирање на предмети по даден признак. Активноста трае се` додека детето имаат интерес за тоа.<br>На крајот детето може да направат разни фигури (животно, куќа, дете и сл.) од логичките плочки и да раскаже своја приказна за нив. |